Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**ОПШТИНА ОХРИД**

Согласно Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2024 година, Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на новорегистрирани и веќе регистрирани занаетчии на подрачјето на општина Охрид, со бр.09-1728/1 од 12.02.2024 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за субвенционирање на новорегистрирани и веќе регистрирани занаетчии на подрачјето на Општина Охрид за 2024 година

**1. Опис на јавниот повик**

**Предмет на Јавниот повик е** субвенционирање на традиционални занаети на подрачјето на општина Охрид.

**2.Право на учество на јавниот повик имаат:**

Новорегистрираните занаетчии во тековната 2024 и веќе регистрирани занаетчии од традиционални занаети, согласно Законот за Занаетчиство како физички и правни лица (''Службен весник на РМ'' бр.15/2015;215/21):

- **Кондураџии, опинчари, производство на хартија, книговез, ваљајчари, бојаџии, кувенџии, резбари на дрво, резбари на бакар, филиграни, ткајачи и четкари**.
- Занаетчиите кои имаат подмирени обврски кон општина Охрид, (комунална такса – фирмарина) за претходните две години или од годината на регистрација доколку занаетчијата е регистриран во текот на последните две години сметано од датата на поднесување на барањето - овие податоци Комисијата надлежна за спроведување на повикот ќе ги обезбеди по службен пат.
- Започнале со работење најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик (регистрација/упис во Регистарот на занаетчии).

**3. Начин на пријавување на Јавниот повик:**

За да биде подобен за аплицирање барателот на субвенција треба да ги исполнува следните услови за учество на Јавниот повик и да достави:

- Барање за субвенционирање на занаетчии на територијата на општина Охрид (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk);
- Копија од Занаетчиска дозвола/лиценца издадена од Занаетчиска Комора на Охрид на РСМ;
- Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постара од 6(шест) месеци;
- Копија од трансакциска сметка.

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во 1 оригинален примерок во архивата на општина Охрид, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот или по пошта на адреса ул.Димитар Влахов бр.57, 6000 Охрид.

Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**4.Начин на спроведување на јавниот повик**

(1) Барањата од занаетчиите ќе ги разгледува Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии, формирана од Градоначалникот на Општина Охрид.
(2) Прифатливи за субвенционирање ќе бидат само барањата кои ќе бидат доставени во рок, со комплетна документација и кои ги исполнуваат условите од јавниот повик.
(3) Исплатата на средствата ќе се врши согласно пристигнати барања кои ќе ги исполнуваат условите и критериумите од повикот.
(4) Комисијата надлежна за спроведување на постапката ќе достави предлог листа на прифатени барања за субвенционирање до Градоначалникот на општина Охрид.
(5) Еден Барател/апликант може да користи/аплицира за субвенции само еднаш по ѝ објавениот јавен повик.
(6) Времетраењето на јавниот повик е од денот на објава на јавниот повик и ќе трае 15 дена од денот на неговото објавување.

**5. Начин на остварување на правото на надоместок**

(1) Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување или одбивање на Барањата за субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии на подрачјето на општина Охрид.
(2) Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето. Занаетчиите кои нема да бидат субвенционирани, нивните документи ќе бидат вратени на нивно барање.
(3) Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување од 5 години.

**6. Висина на субвенции**

Висината на субвенцијата ќе се утврдува така што вкупниот износ на средства планирани за оваа активност во буџетот на општина Охрид ќе се распределат пропорционално со бројот на пријавените занаетчии со традиционални занаети кои ќе ги исполнуваат условите и критериумите од повикот.

**7. Исплата на субвенции**

Субвенцијата се пресметува и исплаќа во денари. Општина Охрид пресметаниот износ на субвенцијата со вклучен персонален данок ја исплаќа на сметка на барателот чие барање е прифатено за субвенционирање.

Одобрил:
Сектор за ТЛЕР
Раководител,
М-р Ѓоко Апостолов

**Општина Охрид**
Градоначалник
Кирил Пецаков

**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**БАРАЊЕ**
**за субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани традиционални занаетчии**

**БАРАЊЕТО ГО ПОПОЛНУВА ПОДНОСИТЕЛОТ СО ПЕЧАТНИ БУКВИ**
**Назив на физички/правен субјект**

**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**Име и Презиме на барателот**

**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Адреса на вршење на дејност:**________________________________________________

**Адреса на живеење(улица и број):** ______________________________________________

**Општина:**__________________________________________________________________

**ЕМБС на правниот субјект:**___________________________________________________

**ЕМБГ на физичкиот субјект:**__________________________________________________

**Број на телефон/ и e-mail:**____________________________________________________

**Б А Р А Њ Е**
**За субвенционирање на новорегистрирани и веќе регистрирани традиционални занаетчии на територија на општина Охрид**

**1. Податоци за Барателот/ вид на занаетчиска дејност:**

**☐Кондураџии**
**☐Опинчари**
**☐Производство на хартија**
**☐Книговезни и сродни услуги**
**☐Ваљајчари**
**☐Бојаџија**
**☐Кувенџија**
**☐Резбари на дрво**
**☐Резбари на бакар**
**☐Филигран**
**☐Ткајачи**
**☐Четкари**

**Кон барањето ги приложувам следните документи:**

**☐Занаетчиска дозвола/лиценца издадена од Занаетчиска Комора на Охрид на РСМ**
**☐Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постаро од 6(шест) месеци;**
**☐Копија од трансакциска сметка**

**Изјава: Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за потребите на општина Охрид во постапката за решавање на предметот.**

**Датум:**__________________
**Место:**__________________**Подносител:**_____________

**Напомена: Во предвид ќе се земат целосно пополнети Барања со приложена комплетна документација.**